ЛОКАЛНА УСТАНОВА
НАРОДЕН МУЗЕЈ
Бр. 01-15/1
28.01 2025 год
ВЕЛЕС

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**

**ЛОКАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС**



# Извештај

## за работата на Локалната установа Народен музеј - Велес за 2024 година

Велес,
Февруари 2025 година

# ПРЕДГОВОР

Доставениот извештај за работата на Локалната установа Народен музеј Велес (во понатамошниот текст: Музеј) за 2024 година, произлегува од законската обврска за поднесување годишен извештај до Совет на Општина Велес, а ги одразува надлежностите утврдени во членот 36, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02).

Извештајот ја образложува дејноста врз основа на секоја од нејзините надлежности и се состои од две генерални целини:

- општ дел за дејноста на Музејот кадешто се прикажани сите аспекти на делување на Музејот од аспект на административно-технички елементи, соработката на Музејот со сродни и други организации, тековни дејствија и
- стручен дел каде што е претставена работата на стручните одделенија на Музејот којштовпрочем ја рефлектира и интегралната дејност на Музејот во рамките на институциите на културата.

Во 2024 година Музејот во континуитет доследно ја остваруваше својата дејност согласно законските надлежности со целосна примена на одредбите од Законот за култура, Законот за музеите и Законот за заштита на културно наследство во рамките на регистрираната дејност на нашата институција.

Годишниот извештај е составен во седум целини, во кои преку елаборации на поединечните дејности е прикажана работата на Музејот за 2023 година.

Годишниот извештај е аранжиран по следниов распоред:

- **Дејност и портфолио Музејот**, организациона поставеност и општ приказ на историјатот на институцијата со посебен осврт на активностите во текот на2024година;

- **Активности на Музејот од инфраструктурна природа**, се однесува на градежни и други зафати кои се превземени во текот на извештајната 2023 година во однос на санација, зачувување и репарација на објектите кои се во надлежност на Музејот;

- **Администрација и човечки ресурси,** се однесува на кадровската екипираност и структурата на вработените во Музејот;

- **Соработка на Музејот со сродни институции**, промоција на Музејот во рамките на активностите на нашата институција со други организации со слична дејност и организации кои ги користат нашите ресурси;

- **Детален извештај за работата на Археолошкото одделение,** презентирани се тековните активности поврзани со музејската дејност, реализација на проектите на одделението финансирани од страна на Министерството за култура и Општина Велес, меѓународната презентација на дел од колекциите на институцијата и нивна промоција во стручни публикации;

- **Детален извештај за работењето на Историското одделение,** презентирани се тековните активности поврзани со музејската дејност за 2024 година;

- **Детален извештај за работата на Одделението за историја на уметноста,** презентирани се тековните активности поврзани со музејската дејност, реализација на проектите на одделението финансирани од страна на Министерството за култура, активности и проекти во рамките на соработката на нашата институција со ликовни уметници и вонпрограмски активности на Ликовниот салон.

- **Детален извештај за работата на Одделението за Етнологија,** презентирани се тековните активности поврзани со музејската дејност за 2024 година;

# ВОВЕД

Годишниот извештај за 2024година претставува законска обврска на Музејот кој како локална установа согласно законските регулативи пропишани со членот 36, став 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/02) годишно ги доставува Извештаите за работењето на институцијата до Советот на Општината.

Институцијата 2024 година ја посвети на енергетската ефикасност, со цел да се влијаее на еколошката средина и намалување на тековните трошоци, како и подобрување на условите за работа кои влијаат на зголемување на продуктивноста. Во 2024 беа спроведени набавки, адаптации, посети, колективна работа и соработка со други институции. Институцијата ги реализираше голем дел од активностите кои беа предвидени во Годишниот план за работа, а дел од активностите односно нивна конечна дореализација ќе се префрлат во следната 2025 година како резултат на реални причини кои се образложени во понатамошниот дел о текстот. Во овој дел од текстот ќе ги прикажеме оние сегменти кои во најголема мера ја презентираа дејноста на Музејот за 2024 година и во најдостојна мера го презентираат и претставувањето на Музејот пред стручната јавност, пошироката популација и законодавните органи под чија што надлежност се наоѓа институцијата.

Музејот во целост ја исполнуваше својата примарна дејност, на тој начин што истовремено делуваше на тековните активности кои произлегуваат од законските нормативи пропишани во Законот за култура, Законот за музеите и Законот за заштита на културното наследство и во реализација на активности и Проекти со кои се зајакнува основната музејска дејност на институцијата.

Во однос на реализацијата на проектите оваа година Музејот реализираше повеќе проекти кои претставуваа дел од Годишната програма од национален интерес во културата на Министерството за култура на РМ за 2024 година, но и активности финансирани од сопствените средства во духот на зајакнување и презентација на проекти и преставување (Изложби) кои ја збогатуваа културната сцена на градот Велес.

Меѓународната активност и соработка на Музејот и оваа година беше на ниво и таа се одвиваше во неколку сегменти и различни начини на примена:

- Презентција на музејските збирки во научни списанија и стручни публикации;
- Заедничка соработка на Музејот со домашни, странски институции и дипломатски претставништа.
- Презентација на дел од колекцијата на Музејот на меѓународни конференции и конгреси;
- Претставување на сопствени Проекти надвор од земјата;

Морам гласно и алармантно да потенцирам, Музејот има потреба од комплетно доекипирање во сите сектори од делувањето. Кадровската екипираност претставува неопходност во нормалното делување на Музејот имајќи ја предвид комплексноста на одговорности и задолжениа зададени на институцијата. Доколку итно не се согледа овој огромен проблем, за краток временски период би се судриле со целосен одлив на вработените. Од вкупно четири во функција се само две Археолошкото одделение и одделението за Историја на уметност (на почеток на 2025 година и ова одделение нема да биде во функција како резултат на исполнување на условите за старосна пензија на лицето раководител на одделението)

Доекипирање на институцијата со потребниот кадар е од витално значење за институцијата од оваа ситуација зависи и неговиот понатамошен опстанок на институцијата.

Извештајот аргументирано ја отсликува работата на Музејот во сите сегменти на неговите законски надлежности и на објективен начин ги презентира остварувањата и резултатите.

Со почит,

Велес, февруари 2025 година

# 1. ДЕЈНОСТ И ПОРТФОЛИО НА МУЗЕЈОТ

ЛУ Народен музеј Велес претставува културно просветна и научна установа чија примарна цел е музејската дејност на територијата на Општина Велес и општините Чашка и Градско. Во рамките на својата основна музејска дејност работењето на Музејот е насочено кон систематско истражување, собирање, откупување, средување, стручна и научна обработка и проучување, конзервирање на движниот археолошки материјал, чување, објавување и презентација на музејскиот материјал и предмети од значење за археологијата, етнологијата, историјата, историјата на уметноста.

Почетоците на Музејот датираат од 1946 година кога во рамките на Велешката гимназија е основана музејска збирка која содржела историски, археолошки и етнолошки предмети од Велес и околината. На 13.12.1951 година со Акт бр. 19799 Советот за просвета и култура при Градскиот Народен одбор го формира Градскиот Народен музеј од комплексен карактер односно Народниот музеј во Велес. Музејската збирка од Гимназијата е пренесена во просториите на Музејот кој функционирал во Куќата на Пеневи која се наоѓала во централното градско подрачје. Со значително збогатување на музејскиот фонд се појавила и потребата од поголем објект и во 1967 година Музејот започнал да функционира во зградата на околискиот одбор, изградена во 1926 година, каде што се наоѓа и денес.

Согласно правните акти денес Музејот е локална установа чиј основач е Локалната самоуправа на Општина Велес согласно Одлуката за утврдување на мрежата на установи од областа на културата (Службен весник на РМ 84/03)и е правен следбеник на Народен музеј Велес основан од Собранието на Општина Титов Велес под број 05-13173/2, запишан во регистраскиот суд во Скопје со Решение УС 174/73.

Според својата организациска структура Музејот го сочинуваат 4 сектори (Сектор за финансиски, правни и општи работи; Стручен сектор; Стручно-технички сектор; Сектор Индок центар). Примарната дејност на Музејот се базира на работењето на Стручниот сектор кој се состои од 4 одделенија:

- Одделение за археологија;
- Одделение за историја;
- Одделение за етнологија; и
- Одделение за историја на уметноста

Исто така под јурисдикција на Музејот се и следниве надворешни единици: Спомен куќа на Коста Солев – Рацин, Спомен куќа на Васил Главинов, Спомен Костурница на паднатите борци од Велес и Велешко во НОБ и Меморијалниот музејски комплекс во с. Горно Врановци.

Во текот на 2024 година во рамките на работењето на стручниот сектор активно работеа две одделенија на Музејот: одделението за археологија и одделението за историја на уметност.

Одделението за етнологија и одделението за историја кое поради недостаток на стручен кадар во 2024година беше неактивноно со повремено вршење на увид во историски збирки и реализирана едно ревидирање на изложба во соработка со Општина Чашка. Во понатамошниот дел од текстот се презентирани поединечно активностите на стручните одделенија, а кои се однесуваат на грижата, негувањето, афирмацијата, презентацијата и популаризацијата на културното наследство. Според ова, во текот на ова година најголем дел од активностите беа насочени кон реализација на проекти од страна на стручните лица на Музејот.

***Проекти финансирани од Министерството за култура како проекти од национален интерес***

Во 2024 година Министерството за култура финансираше вкупно 7 проекти на Музејот како дел од Годишната програма на проекти од национален интерес.
Динамика на реализација и резултатите од овие проекти се елаборирани во понатамошниот дел од текстот. Имено, согласно националната политика на Министерствито за култура на РМ во рамките на проектите од национален интерес беа финансирани следниве проекти:

МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

***Одделение за археологија***

- Извршување на работите на непосредна заштита според основен проект „Заштита на музејски материјал – монети од Нумизамтичката збирка на ЛУ Народен музеј Велес“
- Конзервација на предмети од керамика од античката збирка на ЛУ Народен музеј Велес (Теќе – с. Отовица, Градиште.Циглана – Неготино, непознати локалитети)
- Стручни увиди на состојбата на евидентираните археолошки локалитети на територијата на Општина Велес

***Одделение за историја на уметност***

- Изложба на фотографии од реализираниот Проект „Икони од Зографот Крсте од Велес“

ЛИКОВНО-ГАЛЕРИСКА ДЕЈНОСТ

***Одделение за историја на уметноста***

- Изложба на слики на Стефан Хаџи Николов
- Изложбата на плакати под наслов „Визуелни Рефлексии“ на авторот Лазе Трипков
- Јубилејната изложба „70 години од смртта на Димитар Андонов Папрадишки“,

Останати активности во Ликовниот салон (избор)

- Промоцијата на публикацијата "СИНЕРГИЈА ВО ВРЕМЕТО" на визуелниот и мултимедијален уметник, м-р Страхил Петровски.
- Ретроспективната изложба на Ангел Димовски - Чауш под наслов „50 години творештво“
- Народниот музеј од Велес, во соработка со Австриската амбасада ја реализираа изложбата со наслов „Калиопа Австрија и Северна Македонија“ Жените во општеството, културата и науките.
- Изложбата Укијо-е (浮世絵). Во соработка со Музеум линк и Јапонската амбасада
- Изложба „Храбриот нов свет“ на Јордан Ѓорчев
- Видео проекции на Давор Тоциновски, кој се претстави со три дела изработени во медиумот видео Видео Арт перформанс
- Изложба на кинеска калиграфија на Ѓоре Ѓелев од Велес
- Реализирана Самостојната изложба на Александра Гиноска, ликовен уметник од Прилеп „ Интервалите во мене“

Покрај реализацијата на проектите од страна на стручните лица во одделенија кои функционираат во Музејот, се вршеше тековна и континуирана евиденција на музејскиот материјал согласно законските регулативи пропишани во Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на музејска евиденција и документација и Правилникот за заштита на движното културно наследство и користење на музејскиот материјал, музејските предмети и музејската документација во Локалната установа народен музеј - Велес, а во согласност со член 20 од Законот за музеите.

За подобра информираност со работата на Музејот како јавна институција и можноста неговата работа да биде достапна на пошироката популација во изминативе години креирана е и интернет страница www.muzejveles.mk. На оваа страна се објавуваат тековните настани кои се реализираат од страна на Музејот и информации за настани коишто следат. Исто така, во функција на поголема транспарентност на оваа интернет страница се објавуваат и документи поврзани со финансиското работење на Музејот односно документи кои спаѓаат во категоријата на информации од јавен карактер и кои подлежат на Законот за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Од аспект на едукацијата и оваа година се реализирани голем број на посети од страна на стручни лица, пошироката јавност но и посетители од образовните институции од најмала возраст па сè до највисоките образовни институции. Посетите се реализираа и како дел од едукативната обука на учениците или пак во рамките на Проектите кои ги реализираат основните и средните училишта во градот и во Републиката. Посетителите ги посетуваат сите објекти кои се под јурисдикција на Музејот, а во дел од нив се

реализираа и надворешни проекти од областа на културата и ракотворбите раководени од здруженија на граѓани.

## 2. АКТИВНОСТИ НА МУЗЕЈОТ ОД ИНФРАСТРУКТУРНА ПРИРОДА

Во текот на 2024 година во Музејот покрај тековните активности поврзани со инфраструктурата на Музејот, а со цел непречено работење на сите објекти кои се во состав на нашата институција тековно се реализираа и непречено настанатите дефекти и застои.

Спомен куќите тековно се одржуваа, единствено делумни интеревенции имаше во Куќата на Касапови (поточно во нејзиниот двор) каде се појави проблем со одронување на еден од ѕидовите кои се прилепува со соседната куќа, во прво време се постави мрежа за да се спречи одронот а подацна се набавија и материјали за санација на настанатиот проблем.

Во Ликовен салон се постави нов алармен уред се замени со постоечкиот кој не е во функција, се Обнови и постоечкиот видео надзор за да се обезбедат настаните и делата кои се изведуваат и изложуваат. Доплнително Институцијата интервенираше во осветлувањето во Ликовниот салон и поправка на еден од клима уредите.

Во Спомен костурницата се изврши осветлување со ргб рефлектори водени од адекватен програм со што градот доби еден нов естетски момент на презентирање на нашето културно наследство. Во оквир на споменичниот комплекс се санираа и мали оштетувања на партерниот дел пред споменикот. Повремено се врши одржавање на парковниот дел во соработка со волонтери од Здружението на Акцијаши ветерени.

Во музејската зграда се изврши обнова на осветлување а со самото тоа ја напрвивме зградата енергетски поефикасна.

Исто така во текот на годината континуирано се работеше на санација на помали дефекти и оштетувања кои настанале во објектите кои се под ингеренција на Музејот. Притоа, помалите интервенции се изведуваа со ангажирање на стручни лица или од страна на вработените во Музејот.

## 3. АДМИНИСТРАЦИЈА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Управните, стручните и другите административно-технички работи во Музејот, согласно Законот, ги вршат соодветните сектори согласно кадровската пополнетост на истите. **Во оваа прилика од особена важност е да се нагласи кадровскиот дефицит со кој со години наназад се судира Музејот и кој резултира со потешкотии во реализација на одредни активности и тековни проблеми.** Имено, според одобрените акти од страна на Министерството за информатичко општество и администрација: Правилник за внатрешната организација на Локалната установа народен музеј Велес и Правилникот за систематизација на работните места на Локалната установа Народен музеј Велес систематизирани се седумнаесет (17) работни места, од кои во моментот на доставување на овој Извештај се пополнети само (6) работни места со тоа што едно работно место се однесува на раководното лице на институцијата. По квалификациона структура од вработените има тројца (3) со високо образование од кои двајца носители

на дејноста – стручни лица и едно раководно лице – назначена функција (директор), еден (1) средно образование и двајца (2) со основно образование. Во однос на националната припадност пет (5) вработени се од македонска национална припадност, еден (1) е од албанска национална припадност.

Кадровскиот дефицит претставува основен проблем со кој се судира Музејот во своето секојдневно работење. Поаѓајќи од намерата јасно да се предочат проблемите треба да се нагласи дека изминативе години како резултат на исполнување на условите за старосна пензија, спогодбен отказ и друго институцијата ја напуштија документаторот, кустос - историчарот, архиварот, чуварот на „Спомен Костурницата" и кустос - етнологот. Оваа ситуација треба да се надмине во најбрз можен рок затоа што од овие кадри зависи и опсатнокот на Лу Народен музеј Велес. На спомеичниот комплекс „Спомен костурница" му се заканува опасност од девастирање и руинирање, сега засега институцијата еднаш неделно тековно се грижи за комплексот но треба да имаме увид дека имаме само еден хигиеничар и физички е невозможно да сте стаса во сите објекти сопственост на Музејот. Со настанатата ситуација согледуваме дека Аларманта е и ситуацијата во Одделението за помошно-технички работи кадешто недостасуваат хигиеничари и технички лица кои би можеле да ги задоволат потребите за одржување на сите објекти кои се под ингеренција на Музејот и објектите за кои нашата институција се грижи од технички и хигиенски аспект.

Треба да се земе во предвид состојбата со уште една работна позиција, во почетокот на 2025 година заминува историчарот на уметност како резултат на исполнување на условите за старосна пензија. Оваа состојба би резултирала со скоро целосен одлив на вработени, а во функција ќе остане само одделението за Археологија. Вработувањето на нови и соодветни кадри е од особена важност при ваква ситуација, затоа што самата природа на работа за одредени работни позиции бара извесен временски интервал на адаптација и едукација.

Кадровскиот дефицит резултира и со извесна состојба на пролонгирање на одредени активности заради фактот што, поради немање на стручни лица - документатор и конзерватор институцијата е спрчена во исполнување на оддредени потреби во реализација на своите обврски.

Стручните лица во текот на годината работат и на реализација на сопствени проекти од сферата на музејската дејност и согласно законските регулативи се обврзани да работат и на музејската евиденција и на тој начин поголемиот дел од обврските се реализираат согласно динамиката на работа во поедини сфери во согласност со приоритетноста на работите.

Во текот на годината неколкупати се доставуваа информации до Општината Велес и ресорните Министерства за кадровската состојба на Музејот со цел да се добијат согласности за вработување на лица. Во оваа прилика сакаме да нагласиме дека за 2024 година од страна на Министерството за финансии не беа одобрени вработувања во институцијата.

Напомена,

**Имајќи предвид дека станува збор за Музеј кој ги поставува темелите на музејската дејност на Република Македонија и кој со самото свое постоење има**

**значајна историска конотација во рамките на оваа дејност неговото опстојување и егзистирање претставува не само неопходност туку историска одговорност.**

## 4. СОРАБОТКА НА МУЗЕЈОТ СО СРОДНИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

***Соработка на Музејот со сродни институции***

Во текот на 2024 година продолжено е со соработка на Музејот со сродни институции од државата и со поединци кои работат во полето на музејската дејност. Во оваа насока треба да се потенцира соработката на Музејот со Националниот конзерваторски центар, потоа соработката со Националната галерија на Македонија, Музеј на град Скопје и Мусеум линк. Би ја истакнал соработката со Локална библиотека „Гоце Делчев“ Основното музичко училиште „Стефан Гајдов“ и Командата за обука и доктрини „Алексо Демнивски“. Музејот континуирано соработува и со други друштва, здруженија на граѓани и невладини организации кои работат во доменот на културата.

За соработката со овие институции подеталениот извештај е презентиран во понатамошниот дел од текстот во рамките на извешатите на стручните сектори.

***Проекти на други установи и поединци кои се реализираа во Ликовниот салон и Спомен куќите***

Во рамките на активностите покрај основната концепциска програма на Музејот која во најголема мера се базира на проектите на одделенијата од Стручниот сектор, во текот на 2024 година во Ликовниот салон и Спомен куќите беа реализирани проекти на други установи, организации или поединци кои ги користеа инфраструктурните капацитети на објектите и техничка поддршка на истите од страна на вработените во Музејот. Согласно ова во 2024 година беа одржани промоции на книги на роднокрајни и други писатели, поетски читања во организација на Локалната библиотека, Клубот на писатели „Коста Солев Рацин“ од Велес и училиштата од градот. Исто така, беа организирани и концерти на музичките училишта од Македонија, но и на поединци. Во рамките на работата Ликовниот салон и Спомен куќите беа организирани разновидни трибини и активности на владини и невладини организации од нашиот град и од други градови на Република Македонија. За интензивната соработка на Музејот со горенаведните организации тој има добиено поголем број награди и признанија.

**ЛУ НАРОДЕН МУЗЕЈ - ВЕЛЕС**
м-р Ангел Коруновски
директор

ЛОКАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС

# АРХЕОЛОШКО ОДДЕЛЕНИЕ

**Подготвил:**
**д-р Анита Василкова Мидоска**
кустос советник, археолог

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АРХЕОЛОШКО ОДДЕЛЕНИЕ

## ЗА 2024 ГОДИНА

Во текот на 2024 година работата на Археолошкото одделение на ЛУ Народен музеј Велес во најголема мера се базира на тековните активности поврзани со музејската дејност особено од аспект на музејската евиденција, документација, ревидирање и валоризирање на музејските збирки. Исто така, оваа година беа реализирани и проектите коишто беа финансирани од страна на Министерството за култура како дел од Годишната програма, а дел од активностите беа насочени кон презентација на научните согледувања на дел од предметите од фундусот на ЛУ Народниот музеј Велес пред стучната и научната јавност.

Според ова, дејноста на Археолошкото одделение во 2024 година се одвиваше во следниве сфери:

***<u>Тековни дејности</u>***

I. Евиденција, ре-евиденција и увид на состојбата на предметите од Збирките на движен археолошки материјал од античкиот и од средновековниот период на ЛУ Народен музеј – Велес;
II. Евиденција, ре-евиденција и увид на состојбата на предметите од Нумизматичката збирка на ЛУ Народен музеј – Велес;
III. Евиденција и обработка на камените споменици по конзерваторски третман (ревидирање на натписи и иконографија); и
IV. Конзервација на предмети од античката збирка на ЛУ Народен музеј – Велес – тековен проект – продолжување на проект од 2020 година.
V. Изработка на работен каталог за постојаната археолошка поставка.

***<u>Проекти финансирани од страна на Министерството за култура во рамки на Годишната програма за 2024 година</u>***

VI. Реализација на проектот **„Извршување на работите на непосредна заштита според основен проект *Заштита на музејски материјал – монети од Нумизматичката збирка на ЛУ Народен музеј – Велес* – II фаза“**- финансиран од страна на Министерството за култура во рамките на Годишната програма за остварување на националниот интерес во културата - музејска дејност за 2024 година;
VII. Реализација на проектот **„Конзервација на предмети од керамика од античката збирка на ЛУ Народен музеј Велес (Теќе – с. Отовица, Градиште/Циглана – Неготино, непознати локалитети)“** - финансиран од страна на Министерството за култура во рамките на Годишната програма за остварување на националниот интерес во културата - музејска дејност за 2024 година; и

VIII. Реализација на проектот **„Стручни увиди на состојбата на археолошките локалитети на територијата на Општина Велес“** - финансиран од страна на Министерството за култура во рамките на Годишната програма за остварување на националниот интерес во културата – недвижно културно наследство за 2024 година.

***<u>Меѓународни презентации, учества на научни и стручни собири и публикации</u>***

IX. Учество на XXVII Симпозиум на МАД (Македонско археолошко друштво), 20-22.10.2024, Битола;

X. Учество на научниот собир „Од антиката до средниот век и преродбата – нови сознанија (археологија, историја и историја на уметноста)“ организиран по повод 10 години постоење на Истражувачкиот центар за културно наследство при МАНУ, 25.10.2024, Скопје;

XI. Учество на меѓународната конференција „100 години на Археолошкиот музеј – согледувања и перпективи“ (100 Years of the Archaeological Museum - Insights and Perspectives), 25-26.11.2024, Скопје;

XII. Изработка на каталошки единици за музејски предмети од Збирката на камени споменици на ЛУ Народен музеј Велес (вотивни и сепулкрални релјефи) во рамки на публикацијата Corpus Signorum Imperii Romanum: Северна Македонија – член на стручен тим тековен проект на Истражувачкиот центар за културно наследство „Цветан Грозданов“ при Македонската академија на науките и уметностите;

XIII. Учество на работилницата „Leveraging legislation in North Macedonia to enhance the fight against illicit activities targeting cultural heritage“ како дел од проектот **Борба против недозволената трговија со културни добра** организиран од страна на УНЕСКО, 27-29.11.2024, Скопје.

XIV. Публикација на научен труд Glittering Ashes, Shimmering Dust: Jewellery from the ancient necropolis of Kale – Zgropolci (Gurbita) во научно списание Acta Musei Tiberiopolitani, vol. 5, Strumica 2024, pp. 83-98.

***<u>Соработка со други институции</u>***

XV. Учество во проектот **„Микротопографија на локалитетот Видин Град – некрополи 2024“** – под раководство на д-р Дамјан Донев и д-р Анита Василкова Мидоска како ко-раководител на проектот;

XVI. Ревизија на евидентирани и новооткриени археолошки локалитети според евиденција и документација на ЛУ Народен музеј Велес и НУ Национален конзерваторски центар – Скопје.

## I. ЕВИДЕНЦИЈА, РЕ-ЕВИДЕНЦИЈА И УВИД НА СОСТОЈБАТА НА ПРЕДМЕТИТЕ ОД ЗБИРКИТЕ НА ДВИЖЕН АРХЕОЛОШКИ МАТЕРИЈАЛ ОД АНТИЧКИОТ И ОД СРЕДНОВЕКОВНИОТ ПЕРИОД НА ЛУ НАРОДЕН МУЗЕЈ – ВЕЛЕС

Во согласност со одредбите од Законот за музеите и Законот за заштита на културното наследство, а во корелација со тековната работа во рамките на музејската дејност во текот на 2024 година дејноста на археолошкото одделение беше насочена кон евиденција, ре-евиденција и увид на состојбата на предметите од Збирката на движен археолошки материјал од античкиот и од средновековниот период на ЛУ народен музеј Велес. Целта на оваа активност се базираше на три параметри наведени во насловот, а кои ги влучува следниве активности:

- ***Евиденцијата на движниот археолошки материјал*** воглавно се однесуваше на евиденција и упис на движен археолошки материјал којшто беше прибавен во Музејот во рамки на проектот **„Археолошки рекогносцирања на старите градови и тврдини во сливовите на реките Вардар, Дрим, Струмешница во 2023 година“,** а во реализиција на ЗГ Центар за археолошки истражувања и во соработка со стручен тим од Музејот. Врз основа на горенаведеното во рамки на овој проект беа посетени следниве локалитети на посочената територија: Кула – Црквино, Марково Кале – Црквино, Велешко Кале – Велес, Кале – Превалец, Топот – Уланци, Асарлак – Кочилари. До крајот на месец јануари 2024 во Музејот беа депонирани вкупно 245 предмети – движен археолошки материјал од кои **74 предмети** припаѓаат на античката и средновековната збирка. Најголемиот дел од предметите се изработени од метал и припаѓаат на предмети со утилитарен карактер, а има и селектирана керамика која се одликува со карактеристики во изработката или пак станува збор за хронолошки сензитивни предмети.
- Ре-евиденцијата на движниот археолошки материјал вклучуваше дополненија на поединечни предмети кои во текот на изминатата година беа конзерваторско-реставраторски третирани и на тој начин за нив беа изработени нови фото-картони, техничка документација, конзерваторски досиеја и слично.
- Увидот на постојната состојба на движниот археолошки материјал се однесуваше на состојбата на предметите односно генерална проспекција на нивната физичка состојба, а во рамки на активностите поврзани со престојните ревизии. Според ова, увидот воглавно беше насочен кон предметите од постарата музејска евиденција и се состоеа од следниве активности: увид во најстарите музејски книги за евиденција; увид во предметите депонирани во музејското депо (добиени преку рекогносцирања и заштитни археолошки истражувања), а за кои не постои соодветна документација или постои само теренска документација и селекција и ново

сместување на дел од предметите според припадност на збирка, локалитет или време.

Оваа активност во иднина ќе овозможи увид во збирките и од аспект на сочуваноста на предметите но и од аспект на создавање на база односно комплетен Каталог за реализација на законски обврзувачките ревизиии согласно одредбите од Правилникот за начинот на вршење на Ревизија на музејските предмети (Службен весник на РМ бр. 35/2016), а истовремено и добивање на податоци за изработка на Проекти за (Ре)валоризација на археолошките збирки. Од увидот на збирката заклучено е дека поголемиот дел од предметите се во добра состојба но во иднина потребно е да се направат Конзерваторски проекти за дел од предметите односно за оние предмети кои се целосно сочувани и предмети кај кои е можна реконструкција. Исто така, врз основа на добиените информации заклучено е дека за голем дел од овие предмети потребна е реевиденција и евиденција согласно промените во музејската документација, а за дел од предметите неопходно е да се изврши и превентивна заштита односно нивна привремена заштита до создавање на услови за преземање на други неопходни мерки на непосредна заштита.

## II. ЕВИДЕНЦИЈА, РЕ-ЕВИДЕНЦИЈА И УВИД НА СОСТОЈБАТА НА ПРЕДМЕТИТЕ ОД НУМИЗМАТИЧКАТА ЗБИРКА НА ЛУ НАРОДЕН МУЗЕЈ – ВЕЛЕС

Активностите поврзани со Нумизматичката збирка на ЛУ Народен музеј Велес претставуваше и една од основите во тековното работење на археолошкото одделение за оваа година. Тоа пред сѐ се должи на два проекти: „Археолошки рекогносцирања на старите градови и тврдини во сливовите на реките Вардар, Дрим, Струмешница во 2023 година“ и на проектот Непосредна заштита на музејски материјал – монети според Конзерваторски проекти (в. оддел VI). Со реализација на првиот проект во соработка со ЗГ Центар за археолошки истражувања и во соработка со стручен тим од Музејот во 2023 година беа рекогносцирани локалитетите: Кула – Црквино, Марково Кале – Црквино, Велешко Кале – Велес, Кале – Превалец, Топот – Уланци, Асарлак – Кочилари. До крајот на месец јануари 2024 во Музејот беа депонирани вкупно 245 предмети – движен археолошки материјал од кои **171 примероци на монети** кои припаѓаат на античкиот, средновековниот и османлискиот период. Сите монети беа превентивно заштитени и за секој поединечен примерок беше евидентиран со фото-документација и евидентиран во ***Основниот каталог на Нумизматичката збирка на ЛУ Народен музеј Велес.***

Од аспект на ре-евиденцијата на Нумизматичката збирка – работите воглавно беа насочени кон увид на монетите кои беа конзервирани во текот на 2023 година, а за кои со процесот на конзервација се овозможи точна идентификација и нова фотодокументација на затекната состојба. Имено, во текот на 2023 година се изврши конзервација на 429 монети според Конзерваторски проект и за овие монети во текот на

2024 година беа ре-евидентирани односно дополнети со податоци добиени по конзерваторскиот третман (технички параметри: тежина и димензии, идентификација на владетел, ковница, време на настанување и сл.), а беа изработени и конзерваторски досиеја – фотодокументација која ги вклучува сите фази на конзервција.

Од аспект на увид на состојбата на Нумизматичката збирка оваа активност воглавно се состење во увид на веќе конзервираните монети со цел да се утврди дали постојат некакви оштетувања на монетите кои се конзерваторски третирани во претходните период и врз основа на извршениот увид констатирано е дека кај монетите нема оштетувања.

## III. ЕВИДЕНЦИЈА И ОБРАБОТКА НА КАМЕНИТЕ СПОМЕНИЦИ ПО КОНЗЕРВАТОРСКИ ТРЕТМАН (РЕВИДИРАЊЕ НА НАТПИСИ И ИКОНОГРАФИЈА)

Во периодот од 2019-2021 година беа реализирани интензивни конзерваторски работи на поголемиот дел од Збирката на камени споменици на ЛУ Народен музеј Велес. Како резултат на оваа активност изработен е и Елаборат за валоризација на збирката. Во таа смисла, оваа година година се извршија ревидирања на натписите и иконографијата на 15 камени споменици и за истите беа направени соодветни евиденциони картици (фото картони и техничка документација). Овие ревидирања се дел од публикацијата која се однесува на целокупната збирка на камени споменици на Музејот и истите претставуваат дел од публикацијата и од аспект на стручно научна анализа и од аспект на каталошки единици. Имено, покрај стандарниот опис на спомеництие при нивното ревидирање се применуваа и методите на компарација и аналогии со ваков тип на споменици од поширокиот простор на Медитеранот особено од аспект на просопографијата и иконографијата.

Во оваа смисла значајно е да се напомене дека збирката на камени споменици годинава беше збогатена со уште еден споменик – надгробна стела со големи димензии. Имено, за време на градежните работи на парцела во рамки на градот Велес откриена е надгробна стела донесена на овој простор од локалитет во близина. За оваа состојба Музејот беше веднаш информиран и откако се утврди дека станува збор за споменик кој има статус на културно наследтсво ex lege споменикот беше донесен во Музејот и депониран во подрумските простории за понатамошни конзерваторски активности.















## IV. КОНЗЕРВАЦИЈА НА ПРЕДМЕТИ ОД АНТИЧКАТА ЗБИРКА НА ЛУ НАРОДЕН МУЗЕЈ – ВЕЛЕС – ТЕКОВЕН ПРОЕКТ – ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПРОЕКТ ОД 2020 ГОДИНА

Овој проект се однесува на заштита на целокупниот предложен музејски материјал според Конзерваторски проект и од аспект на непосредна заштита и конзервација проектот е започнат со реализација во 2020 година и претставува продолжение на активностите кои се поврзани со конзервацијата на предметите од античката збирка (2017-2019). Во 2020 година беше конзервиран целиот материјал изработен од метал, а во 2021 година се изврши конзервација и на дел од предметите изработени од керамика и стакло. Оваа година фокусот на овој проект ќе биде насочен кон предметите коишто ќе бидат презентирани во реконципираната постојана музејска археолошка изложба. Во текот на годината по финалната селекција на изложбените експонати се пристапи кон соодветно консолидирање и презентирање. За дел од овие предмети се изработија и соодветни реконструкции за местото и начинот на нивното пронаоѓање.




















Избор од фото документација

## V. ИЗРАБОТКА НА РАБОТЕН КАТАЛОГ ЗА ПОСТОЈАНАТА АРХЕОЛОШКА ПОСТАВКА

На почетокот од 2024 година беше целосно завршена концепцијата за постојаната археолошка поставка. Имено, во првите месеци од 2024 година се направи комплетната работна верзија на изгледот на витрините, изборот на предметите и нивната презентација. Од тој аспект, дел од предметите за кои беше потребна конзервација и реконструкција во текот на годината беа соодветно третирани (в. оддел IV). као резултат на сето ова беше изработен работен Каталог со листа на сите изложени предмети според евиденција, назив, место на наоѓање и хронолошка припрадност. Овој Каталог во иднина ќе овозможи да се изработи Водич/Каталог на археолошката збирка на ЛУ Народен музеј Велес.











## VI. ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ НА НЕПОСРЕДНА ЗАШТИТА СПОРЕД ОСНОВЕН ПРОЕКТ *ЗАШТИТА НА МУЗЕЈСКИ МАТЕРИЈАЛ – МОНЕТИ ОД НУМИЗМАТИЧКАТА ЗБИРКА НА ЛУ НАРОДЕН МУЗЕЈ – ВЕЛЕС* – II ФАЗА

Проектот Извршување на работите на непосредна заштита според Основен проект „Заштита на музејски материјал – монети од Нумизматичката збирка на ЛУ Народен музеј Велес“ - II фаза е финансиран од страна на Министерството за култура како дел од Годишната програма за финансирање проекти од национален интерес во

културата од областа на недвижното, движното и нематеријалното културно наследство за 2024 година. Врз основа на тоа е склучен Договор за учество во финансирање проекти од национален интерес во областа на **музејската дејност** за 2024 година (Акт бр. 31-2153/1 од 21.02.2024) и неговите дополненија и измени. Проектот е реализиран со средства во висина од 112.222,00 денари, а согласно Решение за преведување средства за реализација на проект (Акт. бр. 31-2153/7 од 29.03.2024 година).

Реализацијата на проектот се одвиваше согласно Оперативниот и финансиски план за користење на буџетски средства во перидот март – септември во неколку етапи кои се одвиваа истовремено согласно динамиката на административно-техничките работи и ангажманот на надворешните соработници односно членови на стручниот тим.

Проектот претставува продолжение на активностите од 2022 и 2023 година. Имено во 2022 година беа изведени конзерваторски истражување и врз основа тоа изработен е и Конзераторски проект. Конзерваторскиот проект кој е основа на реализација на овој проект се состои од 1219 монети и се однесува на непосредна заштита на метален археолошки материјал – монети изработени од бронза и сребро кој хронолошки припаѓа на античкиот период (II век п.н.е. – III век н.е.), доцноримскиот односно доцноантичкот период (IV – VI/VII н.е.) и средновековен период (IX – XV н.е.).

Согласно насоките од проектната програма, а во корелација со доделените финансиски средства, за реализација на оваа фаза од Конзерваторскиот проект кој вклучува вкупно 1219 монети, оваа година беа издвоени 790 монети и истите беа подложени на конзерваторски третман како постапка и метод на зачувување на материјалот во изворна, односно состојба во која е затекнато доброто, без додавање на елементите што се уништени или недостасуваат. Работите се одвиваа согласно Конзерваторскиот проект и овој процес вклучува:

а) Грубо отстранување на површински наслаги на формирани корозивни продукти од површината со хемиска обработка на материјалот со соодветни раствори и механичка обработка;

b) Фино рачно и механичко отстранување на површински наслаги (нечистотија, формирани на разни корозивни продукти) со механичка обработка; и

c) Стабилизирање на металот и крајна заштита со лакирање.

Најголемиот дел од монетите кои беа конзервирани во 2024 година потекнуваат од локалитетот Кале – Велес односно од едно депо од средновековни монети и истите ќе бидат презентирани во рамки на постојаната археолошка поставка на Музејот. Покрај овие монети беа конзервирани и монети кои се откриени на други локалитетите и кои досега не биле подложени на никаков конзерваторски третман.

Со реализација на овој проект значајно е да се напомене дека монетите од Нумизматичката збирка на ЛУ Народен музеј Велес се целосно конзервирани со состојба до 2024 година и понатаму ќе следат следниве активности:

- соодветна обработка и идентификување на движните музејски предмети, соодветно објавување и интерпретација на резултатите преку стручно - научни или популарни публикации;

- управување на ова движното културно наследство со вредност и значење преку соодветно депонирање, чување;

- содветно изложување и подобрување на музејската збирка и постојаната поставка преку нивно реконципирање а на овој начин овој музејски материјал ќе може соодветно стручно научно да се обработи, валоризира и презентира пред научната и пошироката јавност на повремени изложби и ќе биде зачуван за идните генерации.

- Можност за изработка на елаборати за ревалоризација на музејските збирки со соодветни и дефинирани податоци добиени по завршувањето на конзерваторските работи.






Избор од работни фотографии

| Реден број | Влезен број | Пред конзервација Аверс/Реверс | По конзервација Аверс/Реверс |
|---|---|---|---|
| 1. | 259-1301 |  |  |
| 2. | 259-1313 |  |  |
| 3. | 283-1368 |  |  |
| 4. | 283-1378 |  |  |
| 5. | 477-883 |  |  |
| 6. | 477-885 |  |  |
| 7. | 484-532 |  |  |
| 8. | 484-537 |  |  |
| 9. | 595-722 |  |  |

Избор на монети пред и по конзерваторски третман

## VII. КОНЗЕРВАЦИЈА НА ПРЕДМЕТИ ОД КЕРАМИКА ОД АНТИЧКАТА ЗБИРКА НА ЛУ НАРОДЕН МУЗЕЈ – ВЕЛЕС (ТЕЌЕ – С. ОТОВИЦА, ГРАДИШТЕ/ЦИГЛАНА – НЕГОТИНО, НЕПОЗНАТИ ЛОКАЛИТЕТИ)

Проектот „Конзервација на предмети од керамика од античката збирка на ЛУ Народен музеј Велес (Теќе – с. Отовица, Градиште/Циглана – Неготино, непознати локалитети)“ е финансиран од страна на Министерството за култура како дел од Годишната програма за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на недвижното, движното и нематеријалното културно наследство за 2024 година.

Тој претставува продолжение на проектот од 2023 година, а кој се однесуваше на конзерваторски истражувања и изработка на конзерваторски проект. Во рамките на проектот предмет на истражување беше типолошки разновиден движен музејски материјал односно 84 археолошки предмети изработени од керамика односно 65 предмети од лок. Теќе кај с. Отовица, 4 предмети од локалитетот Градиште/Циглана кај Неготино и 15 предмети од непознати и други локалитети. Целокупниот археолошки материјал претставува дел од античката збирка на Локалната установа Народен музеј Велес и е прибавен со археолошки истражувања, како случен наод при градежни зафати или преку донација. Најголемиот дел од предметите се пронајдени во населбински археолошки контекст, а за предметите кои потекнуваат од непознати локалитети нема податоци за археолошкиот контекст. Предметите припаѓаат на античкиот период односно од периодот на IV век п.н.е. па се до IV век н.е.

Согласно Оперативниот и финансиски план за користење на буџетски средства реализацијата на проектот започна во месец април, а непосредната заштита се одвиваше во периодот октомври – декември. Значајно е да се напомене дека реализацијата на проектот се одвиваше во неколку етапи согласно динамиката на административно-техничките работи и ангажманот на надворешните соработници односно членовите на стручниот тим (овластен конзерватор за керамика и стручен соработник).

По завршувањето на техничко-административните обврски при реализацијата на проектот беа опфатени следниве конзерваторско-реставраторски работи:

- Изработка на наративна и фотодокументација на материјалот пред отпочнување и за време на изведување на конзерваторско – реставраторските работи;
- Керамичките садови кои беа конзервирани и реконструирани во минатото согласно овој проект беа реконзервирани односно беа подложени на процес кој вклучуваше расклопување на садот и отстранување на претходно употребените конзерваторски материјали;

- Отстранување на акумулирани депозити од земја со примена на механички начин на чистење и аплицирање на дестилирана вода како најслаб и најнеинвазивен агенс; и
- Селекција на предмети кои ќе претставуваат дел од постојаната археолошка збирка.

Согласно насоките од проектната програма, а во корелација со доделените финансиски средства, сите 84 керамики предмети беа подложени на горенаведените фази. Во таа смисла, во рамките на овој проект потребно е да се премине кон следните фази кои вклучуваат: отстранување на нерастворливи соли од керамиката, лепење на керамика, реконструкција и консолидација и во таа смисла доставена е апликација до Министерството за култура во рамки на Годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес за 2025 година. Во контекст на ова, треба да се напомене дека дел од овие предмети заради својата ексклузивност, уникатност и уметничко значење ќе бидат дел од археолошката поставка на Музејот.










Избор од фотодокументација

## VIII. СТРУЧНИ УВИДИ НА СОСТОЈБАТА НА ЕВИДЕНТИРАНИТЕ АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Проектот „Стручни увиди во состојба на евидентираните археолошки локалитети на територијата на Општина Велес"е финансиран од страна на Министерството за култура како дел од Годишната програма за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на недвижното, движното и нематеријалното културно наследство за 2024 година.

Реализацијата на проектот се одвиваше согласно Оперативниот и финансиски план за користење на буџетски средства во перидот септември – декември во неколку етапи согласно ангажманите на раководителот на проектот и на надворешните соработници односно членовите на стручниот тим. Во рамки на реализацијата на проектот беше остварена и соработка со стручните лица од Националниот конзерваторски центар кој согласно законската регулативи е задолжен за заштита на недвижното културно наследство на територијата на Општина Велес.

Во текот на реализацијата на проектот беа посетени 21 евидентирани локалитети, а исто така беа посетени 3 новооткриени локалитети кои засега не се евидентирани во археолошката карта на Македонија. Согласно, предвидената методологија на работа, при посетата на локалитети стручниот тим се фокусираше на следниве параметри:

- евидентирање на површински дефинираниот односно видлив недвижен и движен археолошки материјал;
- прибирање на селектиран движен археолошки материјал кој овозможува хронолошка детерминација и дава други особености и карактеристики за локалитетот;
- изработка на теренска фотодокументација на затекната состојба; и
- изработка на евиденциони картици на археолошки локалитети кои вклучуваат назив на локалитетот, населено место, позиционирање во координатен систем, хронолошка припадност и култура, избор од фото документација и др.

Со реализацијата на овој проект се утврди состојбата на веќе евидентираните локалитети и се посетија и неколку нови локалитети. Врз основа на добиените информации може да се заклучи дека на дел од овие локалитети се евидентирани илегални дејствија настанати во минатото, дел од локалитети се евидентирани со различни називи, а впрочем станува збор за ист локалитет и од особено значење е што беа откриени односно евидентирани и нови археолошки локалитети. Овој проект исто така овозможи да се добие една подобра претстава на дел од археолошките локалитети на територијата на Општина Велес односно се овозможи подобар увид на археолошката слика на оваа територија, а добиените информации ќе овозможат во иднина да се креира подобра стратегија во нивното истражување, а за дел од локалитетите може да се иницира и процесот на валоризација. Од научен аспект исто така значајно е да се напомене дека според прибраните археолошките податоци уште еднаш се потврди

констатцијата дека овој простор бил место на размена на стопански, економски и културни добра и идеи од праисторијата па се до Средниот век.

## IX. УЧЕСТВО НА XXVII СИМПОЗИУМ НА МАД (МАКЕДОНСКО АРХЕОЛОШКО ДРУШТВО)

Во рамките на активностите на Македонското археолошки друштво во периодот 20. – 22. 10. 2024 година во Битола беше одржан XXVII Симпозиум на друштвото. На овој симпозиум Музејот се претстави со две презентации кои се однесуваа на промоција и презентација на дел од археолошкиот фундус на нашата институција. Д-р Анита Василкова Мидоска настапи со трудот ***Некои особености на гробовите од античката некропола на локалитетот Кале / Градиште кај село Згрополци***, а свое предавање имаше и Лидија Ѓорѓиевска, димпломиран археолог, надворешен соработник во Музејот којашто се претстави со темата ***Монети од ковниците на Стоби и Виминациум застапени во Нумизматичката збирка на ЛУ Народен музеј Велес***. Презентации се однесуваа на археолошки предмети откриени на локалитетот Кале кај село Згрополци и монети од Нумизматичката збирка на ЛУ Народен музеј Велес. Дел од предметите кои беа вклучени во презентациите за првпат беа претставени пред јавноста.











## X. УЧЕСТВО НА НАУЧНИОТ СОБИР „ОД АНТИКАТА ДО СРЕДНИОТ ВЕК И ПРЕРОДБАТА – НОВИ СОЗНАНИЈА (АРХЕОЛОГИЈА, ИСТОРИЈА И ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА)“

На 25.10.2024 година од страна на Истражувачкиот центар за културно наследство „Цветан Грозданов“ при МАНУ беше организиран научен собир по повод десет години од постоење на овој центар. На научниот собир, по покана, учествуваа еминентни научници и истражувачи од сферата на архелогијата, историјата и историјата на уметноста. На овој собир беше презентиран трудот на д-р Анита Василкова Мидоска на тема ***Боговите и течностите – чинот на либација на камените споменици од збирката на ЛУ Народен музеј Велес.*** Главниот акцент на презентацијата беше насочен кон три споменици од Збирката на камени споменици на ЛУ Народен музеј Велес односно нивно претставување од аспект на уметничката и религиозна намена, а од друга страна обработени и во контекст на останататите споменици со претстава на либација откриени на просторот на нашата земја. Оваа иконографија покрај уметничката сугерира и религиозен приод низ призмата на социолошкиот и антрополошкиот дискурс на проучување.

Во текот на 2025 година оваа презентација ќе биде публикувана како научен труд во списанието Monumenta бр. 9 во издание на Македонската академија на науките и уметностите.

## XI. УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА „100 ГОДИНИ НА АРХЕОЛОШКИОТ МУЗЕЈ – СОГЛЕДУВАЊА И ПЕРПЕКТИВИ“ (100 YEARS OF THE ARCHAEOLOGICAL MUSEUM - INSIGHTS AND PERSPECTIVES)

Во периодот 25-26.11.2024 година Археолошкиот музеј на РСМ ја организираше меѓународната конференција „100 години на Археолошкиот музеј – согледувања и перпективи“ (100 Years of the Archaeological Museum - Insights and Perspectives) на која учествуваа научници од Европа од сферата на археологијата и сродните науки. На овој собир беше презентиран трудот на д-р Анита Василкова Мидоска на тема **Phiale/patera in manibus: The libation scene on the monuments as a reflection of ritual practices** (Phiale/patera in manibus: Чинот на либација на спомениците како одраз на ритуалните практики). На презентацијата беа претставени спомениците кои прикажуваат сцени со либација од Република Северна Македонија, опфаќајќи вотивни релјефи, погребни споменици, скулптури и фигурини од теракота. Целокупниот корпус на овој тип на споменици беше анализиран преку уметничките, стилските, религиозните и социо-политичките димензии. Преку презентацијата се истакнаа иконографките особености на спомениците од просторот на Повардарието и од источниот дел на Македонија.

Во текот на 2025 година трудовите презентирани на оваа конференција ќе бидат публикувани во списанието Зборник на Археолошкиот музеј (ЗАМ), издание на Археолошкиот музеј на РСМ.





## XII. ИЗРАБОТКА НА КАТАЛОШКИ ЕДИНИЦИ ЗА ПУБЛИКАЦИЈАТА КОРПУС НА КАМЕНИ СПОМЕНИЦИ (CORPUS SIGNORUM IMPERII ROMANI) ИЗДАНИЕ НА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ




Проектот *Корпус на камени споменици во Македонија* претставува тековен проект на Истражувачкиот центар за културно наследство „Цветан Грозданов“ при Македонската академија на науките и уметностите и дел од серијалот Corpus Signorum Imperii Romani. Проектот се реализира во последните десетина години и има за цел да ги презентира односно публикува сите камени споменици од римско време на територијата на нашата држава. Во тимот на стручни соработници учествува и д-р Анита Василкова Мидоска која во оваа серија учествува со презентација и истражување на камените споменици од територијата на Повардарието депонирани во Музејот во Велес. Проектот се одвива во неколку етапи, а преку каталошки одредници е вклучена и Збирката на камени споменици на ЛУ Народен музеј Велес.

## XIII. УЧЕСТВО НА РАБОТИЛНИЦАТА „LEVERAGING LEGISLATION IN NORTH MACEDONIA TO ENHANCE THE FIGHT AGAINST ILLICIT ACTIVITIES TARGETING CULTURAL HERITAGE“ КАКО ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ БОРБА ПРОТИВ НЕДОЗВОЛЕНАТА ТРГОВИЈА СО КУЛТУРНИ ДОБРА

Во рамки на работилниците организирани од страна на УНЕСКО на територијата на Балканскиот полусотров, оваа година во периодот 27-29.11.2025 во Музејот на македонската борба за самостојност беше организирана тродневна работилница за законската легислатива на Македонија од аспект на борбата против недозволената трговија со културни добра. На оваа работилница покрај еминентни стручњаци од целиот свет, беа вклучени и 8 институции на културата (музеи и заводи) меѓу кои свој претставник имаше и ЛУ Народен музеј Велес (д-р Анита Василкова Мидоска). На работилницата од страна на Музејот беа презентирани проблемите со законската легислатива и кадровскиот дефицит со кој се соочуваат институциите со посебен акцент на велешкиот музеј кој од регионален музеј е претворен во локален музеј со еден носител на дејноста. Исто така, се водеше дискусија и од аспект на предизвиците и проблемите со програмата за документацијата на музејскиот материјал и проблемот на поделбата на локални и национални установи и потребата од ревидирање на оваа селекција.

## XIV. ПУБЛИКАЦИЈА НА НАУЧНИ ТРУДОВИ

Минатата година Завод и Музеј Струмица на почетокот од месец ноември го организираше VII Меѓународен симпозиум по археологија на тема Накитот – од заштита до статус. Во рамките на овој симпозиум, свое учество, по покана на организаторот, зема д-р Анита Василкова Мидоска со презентацијата ***Glittering Ashes, Shimmering Dust: Jewellery from the ancient necropolis of Kale - Zgroplci (Gurbita)*** – (Блескава пепел, треперлива прашина – накитот од античката некропола на Кале – Згрополци (Gurbita)). Оваа година презентираниот труд со истиот наслов беше публикуван во списанието Acta Musei Tiberiopolitani, vol. 5, Strumica 2024. Фокусот на трудот беше поставен на златниот накит од оваа античка некропола со посебен акцент на проучување во сферата на археологијата и историјата на уметноста. Покрај овој аспект на проучување во трудот се разгледуваат и проблематиките на накитот во фунерарен контекст односно релацијата погребни предмети - погребни дарови.

## УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТОТ „МИКРОТОПОГРАФИЈА НА ЛОКАЛИТЕТОТ ВИДИН ГРАД – НЕКРОПОЛИ 2024“ ПОД РАКОВОДСТВО НА Д-Р ДАМЈАН ДОНЕВ И Д-Р АНИТА ВАСИЛКОВА МИДОСКА КАКО КО-РАКОВОДИТЕЛ НА ПРОЕКТОТ

Теренските истражувања преземени во рамки на проектот ***Микротопографија на локалитетот “Видин Град“ – некрополи 2024*** се продолжение на истражувањата на топографијата на овој локалитет започнати уште во 2013 година. Проектот се води

под раководство на д-р Дамјан Донев, а ко-раковдител е д-р Анита Василкова Мидоска. Целта на овогодишното истражување беше да се утврди местоположбата и карактерот на некрополите. Овој проект претставува продолжение на геофизичките истражувања од 2023 година и ископувањата беа фокусирани на местата кадешто со геофизичките истражувања беа детектирани аномалии односно отстапувања кои сугерираат постоење на археолошки остатоци. Со истражувањата беа откриени мали сегменти од археолошки ситуации и на дел од местата кај кои беа детектирани грбони целини истите се уништени или треба да се доистражат. Според движниот археолошки материјал во една гробна цлина е откриена монета од Валентинијан што ја определува оваа гробна целина во периодот на 4 век н.е.



Местоположба на локалитетот и избор од работни фотографии (Гроб 1)

## XV. РЕВИЗИЈА НА ЕВИДЕНТИРАНИ И НОВООТКРИЕНИ АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТИ СПОРЕД ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА НА ЛУ НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС И НУ НАЦИОНАЛЕН КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР – СКОПЈЕ

Во 2023 година од страна на Сања Иванова Велкоска од НУ Национален конзерваторски центар Скопје и Анита Василкова Мидоска од ЛУ Народен музеј Велес направена е ревизија на евидентирани и новооткриени археолошки локалитети на териториите на општините Велес, Градско и Чашка. Ревизијата е направена врз основа на документацијата на двете институции и врз основа на новите сознанија.

Оваа година од страна на стручен тим на НУ Национален конзерваторски центар направен е увид на дел од археолошките локалитети на горенаведените општини. Во рамките на овој проектактивно учество зема и Анита Василкова Мидоска. Оваа година беа посетени дел од регистрираните локалитети и изработени се основни параметри во однос на координати на распростирање на секој локалитет и селекција на движен археолошки материјал добиен со проспекција на теренот. Со оваа активност освен потврдата за постоењето на одредни локалитети се утврди и фактот дека дел од овие локалитети се подложни на илегални дејствија.

# ИСТОРИСКО ОДДЕЛЕНИЕ

**Подготвил:**
**ЛУ Народен музеј Велес**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ИСТОРИСКОТО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА 2024 ГОДИНА

Во 2024 година историското одделение е ставено во мирување поради фактот дека за 2024 година од страна на Министерството за финансии не беа одобрени вработувања во институцијата.

Во текот на 2024 година одделението не конкурираше со проект во Министество за култура поради немање на стручното лице во гореспоменатото одделение.

Во објектите на Музејот како составен дел од нашата работа е и водење на посетители од различни возрасти од земјата и странство кои ги запознаваме со историското минато на нашиот град. Во текот на оваа година посетеноста беше на стандарно ниво поради веќе познатата состојба во одделението.

Соработката со медиумите е континуирана како со медиумските куќи од нашиот град и пошироко. Преку медиумите вршиме презентација на нашите објекти со што ја запознаваме пошироката јавност со музејската дејност и историјата на нашиот град.

# ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА

**Подготвил:**
**Елица Николова**
Кустос советник

Во текот на 2024 година работата на Одделението за Историја на Уметноста на ЛУ Народен музеј Велес во најголема мера се базираше на тековните активности поврзани со музејската дејност , особено од аспект на музејската евиденција и документација . Оваа година целосно беа реализирани проектите коишто беа финансирани од страна на Министерството за култура од Ликовно галериската дејност, Музејска дејност.

Музејска Дејност:

I. Континуирана евиденција, увид и инвентаризација на предмети од (уметничката збирка на ЛУ Народен музеј Велес); тековна активност

II. Поставување на нова поставка во одделението за Историја на уметноста, со уметнички дела од збирката на ЛУ Народен музеј Велес.

III. Изложба на фотографии од реализираниот Проект „Икони од Зографот Крсте од Велес". Проект кој е прифатен на Конкурсот од Министерството за култура во рамките на Годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес за 2024, од Музејска дејност;

IV. Ликовно галериска дејност:

Реализација на Проекти прифатени на Конкурсот од Министерството за култура во рамките на Годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес за 2024, од од областа на визуелните уметности, архитектурата дизајнот. Ликовно галериската дејност; проекти во соработка со сродни институции и поединци, како и одбележување на значајни настани и годишнини од областа на културниот и општествен живот во државата.

V. Публикации во стручни и научни списанија;

## МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

I. Континуирана евиденција, увид и инвентаризација на предмети од (уметничката збирка на ЛУ Народен музеј Велес); тековна активност.

Во одделението за Историја на уметноста континуирано се работи на евиденција, увид и инвентаризација на предмети од уметничката збирка на ЛУ Народен музеј Велес;

II. Се реализираше втората фаза за нова поставка во одделението за Историја на уметноста, со уметнички дела од збирката на ЛУ Народен музеј Велес.

Во текот на 2023 година, се изврши селекција на делата од збирката кои се презентирани во новата поставка. По нивно документирање, се извши врамување на сликите кои се изложени во поставката, се набавија и постаментите за скулптурите што овозможи да се реализира поставувањето, односно презентирањето на новата поставка во почетокот на 2024 година, со што се збогати понудата на музејот за посетителите, со

увид на најзначајните ликовни остварувања од ликовната дејност, слики и скулптури, кои ги поседува музејот од почетокот на 20ти век до најнови остварувања. Во поставката поместени се 15 слики и 9 скулптури од музејската збирка.











**III. На 09.08.2024год. се отвори Изложба на фотографии од реализираниот Проект „Икони од Зографот Крсте од Велес“. Проект кој е прифатен на Конкурсот од Министерството за култура во рамките на Годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес за 2024; од музејска дејност**

Автор и реализатор на изложбата, Елица Николова, кустос – советник.

Промотор на изложбата, Дарко Николовски, конзерватор - советник.

Изложбата беше реализирана врз основа на истражувањето на творештвото на Крсте зограф во областа на Повардарската Епархија реализирано во 2022 година.

Со избор на дела од творештвото на Крсте Зограф од Велес составена беше изложбата од дела на зографот. На изложбата беа претставени 13 оригинални и уште четириесеттина икони на фотографиии/постери кои се наоѓаат во скоро сите постари цркви во Велес, како и во цркви на територијата на општините во Повардарска епархија.

Зографот Крсте е еден е од позначајните иконописци од почетокот на XIX век, роден во Велес во 80-90 години на XVIII век. Неговите дела се создадени во периодот од втората до четвртата деценија на XIX век, воглавно атрибуирани на територијата на денешна Македонија, во поголем дел анонимни. Крсте зограф не сметал дека е потребно да го става потписот на секоја икона. Затоа неговиот потпис од досега евидентираните го ставил само на девет икони притоа потенцирајќи го сопственото велешко потекло.

За потеклото и наследници непосредно се дознава од натписот од манастирот на Св. Ѓорѓи од Неготино, во кој зографот Костадин – Хаџи Косте зограф од Велес, во 1875/76 го истакнува својот идентитет како син на Крсте зограф, родум од Велес. Тој податок е потврден и со објавувањето на натписот од царските двери (1859 г.) од манастирот Согле во велешко.

Иконографските предлошки по кои работел Крсте зограф се најверојатно преку светогорските влијанија, но тој изградил свој специфичен стил. Се работи за солиден познавач на зографскиот занает, кој сосема добро владее со цртежот, а добро владее и со анатомската пропорционалност. Особено внимание посветува на ликот, цртите на лицето се силно нагласени.

Тоа што со сигурност може да се каже е дека икони од Крсте зограф има иако во мал број во скоро сите цркви во Велес. За негово најстаро потпишано дело се смета иконата „Св. Архангел Михаил“ кој ја мачи душата на богатиот, од 1815 година во параклисот, црква Св. Ѓорѓија во Велес. Од крајот на втората деценија за опусот на зографот Крсте од Велес, од големо значење се датираните икони од иконостасот во храмот во село Црквино. Најбројни и најкомплексни дела од Крсте зограф во Повардарската епархија се иконостасните икони настанати во црквата Св. Никола, во селото Уланци, во малата еднокорабна црквичка сместена на ритчето над селото. Во 1828 изработени се и 5 икони за црквата „Св. Архангел Михаил“ во село Горно Чичево. Непотпишани икони има и во црквата „Св. Василиј“ во село Грнчиште, во „Св. Атанасиј“ во село Богомила, во црквата „Св. Петар и Павле“ во село Папрадиште.

Надвор од велешко, во повардарскиот регион се среќаваат бројни икони од овој плоден автор. Бројни икони од неговата работилница има во Црквите од кавадаречко.

Исто така поголем број на непотпишани икони има во црквата „Св. Димитрие“ во село Смоквица, гевгелиско, во најголем број настанати во 1834 и 1835 година, најверојатно работени со помошник.

Изложбата на фотографии од дела на Крсте Зограф од Велес, насловена, предизвика голем интерес кај велешката публика, свештенството и медиумите .

https://tirekovmirece.com/Novost/%D0%92%D0%BE-%D0%92%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D1%81

https://sdk.mk/index.php/dopisna-mrezha/ikonite-na-krste-zograf-prvpat-pretstaveni-vo-javnosta-na-izlozhbata-vo-veles/

https://mia.mk/story/%D0%B2%D0%BE-%D0%B2%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D1%81-%D0%BE%

https://novamakedonija.com.mk/zivot/kultura/izlozhba-na-krste-zograf-eden-od-poznachajnite-ikonopisci-od-19-vek/

https://mrt.com.mk/node/117191

https://www.youtube.com/watch?v=vNBfpD8vhjA

https://duma.mk/kultura/pretstaveno-tvoreshtvoto-na-krste-zograf-vo-likoven-salon-vo-veles/










**ЛИКОВНО ГАЛЕРИСКА ДЕЈНОСТ**

1. **Изложба на слики на Стефан Хаџи Николов**
**Изложбата се реализираше на 24.07.2024 година.**

Проектот е прифатен од страна на Министерството за култура како дел од годишната програма за остварување на проекти од национален интерес во културата за 2024 година.

Организатор и реализатор на изложбата Елица Николова.

Промотор на изложбата, Маја Басаровска, историчар на уметноста

Стефан Хаџи Николов роден е 1955 година во Скопје. Педагошка Академија група ликовно воспитување завршил 1975 година во Скопје. Член на Словенската литературна и уметничка академија со седиште во Варна(Бугарија). Член на ДЛУМ од 1984 год

Учесник е на повеќе меѓународни ликовни колонии. Од 2002 до 2006 учествувал на Саемот на уметност „Импресија" во Пловдив (Бугарија) .Добитник е на повеке награди меѓу кои и наградата „Лазар Личеноски", Годишна изложба на ДЛУМ, Музеј на град Скопје, Скопје за 2012 година, како и Државна награда „23 Октомври" за

долгогодишни остварувања за Република Македонија во областа на културата и уметноста во 2015 година.

Последното представување на Хаџи Николов во Велес беше пред 15 години кое воедно беше и негово прво претставување. Хаџи Николов има реализирано над 100 самостојни изложби од кои 40 надвор од земјата. Во Ликовен салон беа изложени слики со фигуративна тематика како и апстрактни композиции од циклусот „Пејсажи на душата“, избор од предходните 15 години како и десетина нови дела .

Во делата на Хаџи-Николов до совршенство е вообличена, восфалена и благословена убавината, убавината во сите нејзини појавности, но, се разбира, и убавината на женското тело, на таа демонстрација на човечкото, човечното и божественото, во обид да ја ја пренесе од минливата стварност во долговечноста на уметничкото траење.

„Авторот работи во стил кој е специфичен за него, комбинација на надреализам со фотореалистични-хиперреалистични идеализирани форми на природата, човекот женското тело и слободни обли апстрактни елементи. Боите се дел од изразот јасни екпресивни сино жолто црвено и виолетово зелено кои даваат длабочина и светлина која зрачи од сликите“

Фигурацијата на сликите преовладува, но има и една серија каде фигурите се минималистички прикажани со едноставна позадина со едноставен фонд кој е бел, црвен, зелен, сив. Исто така изложени беа и доста нефигуративни слики, а тоа се уметниковите пејзажи на душата, каде слика пејзажи кои не личат на некој пејзаж кој го гледаме во природата, туку тоа излегува од неговата душа и три дела кои се поврзани со виното и грозјето.

Изложбата предизвика значителен интерес кај публиката и медиумите

https://a1on.mk/culture/vo-veles-otvorena-samostojna-izlozhba-na-stefan-hadzhi-nikolov/

https://smart.sdk.mk/zhivot/publikata-saka-da-vidi-s-od-mene-pa-vo-veles-dojdov-so-dela-od-poslednite-15-godini-veli-umetnikot-stefan-hadhi-nikolov/

http://tirekovmirece.com/Novost/%D0%98%D0%B7%D0%BB%D0%BE%D0%B6%D0%B1%D0%B0-





 

2. **На 05.09.2024 се отвори изложба на плакати на Лазе Трипков**

Изложбата на плакати под наслов „Визуелни Рефлексии“ на авторот Лазе Трипков е Проект прифатен од страна на Министерството за култура како дел од Годишната програма за остварување на проекти од национален интерес во културата за 2024 година, Ликовно галериската дејност;

Промотор: Елица Николова, кустос - советник, историчар на уметноста.

Трипков е високо позициониран графички дизајнер и едукатор со страст за интердисциплинарна уметност и дизајн практики. Моментално е професор по визуелна комуникација и графички дизајн на Факултетот за уметност и дизајн при Меѓународниот балкански универзитет во Скопје. Неговата експертиза се протега низ креативни дигитални дисциплини, вклучувајќи VR (виртуелна реалност), дигитални медиуми, интерактивни инсталации и истражување, како и употреба на новите технологии во образование.

Лазе магистрирал на Академијата за ликовни уметности во Варшава и продолжил со пост-магистерски студии по мултимедија и дизајн на Академијата за ликовни уметности во Лоѓ.

Истражувал за симболите и иконографијата на балканскиот регион како докторанд на Фулбрајт. Неговите дела се прикажани на 6 самостојни изложби и преку 75 групни изложби ширум светот, со што му донесоа престижни награди како што се наградата Златна пчела од Московското биенале за плакат и почесната награда од Чешката асоцијација за графички дизајн AUG.

Изложбата на плакати под наслов „Визуелни Рефлексии“ претставува дизајнирани графички дела – плакати, создадени во „Ковид“ пост - ковид периодот, односно од 2020 до денес, кои допираат до разни теми и зборуваат за преокупациите и идејното размислување на уметникот.

Ликовниот уметник, графичкиот дизајнер Лазе Трипков, при дизајнирањето на плакатот, кој како медиум за јавно информирање, во преден план ги става редот и функцијата, повеќе инсистира на ликовниот дел, наспроти текстот кој треба да ја пренесе

информацијата. Тој е исклучително плоден и успешен во овој медиум, во кој преку дизајнерскиот дискурс и нарацијата на секој изработен плакат со иновативен пристап, преку уметничко обликување на графичкиот дизајн на плататите не информира, толкува и пренесува пораки кои допираат до разни теми, за што всушност е и намената на плакатот.

Изложбата беше посетена од бројна публика, особено од помладата генерација и новинари од градот. Изложбата беше медиумски покриена од локалните новинари и дописници, а прилози имаше во повеќе медиуми од

https://www.radiomof.mk/vo-veles-izlozhba-na-plakati-na-laze-tripkov-praveni-vo-kovid-i-post-kovid-periodot/

https://ekran.mk/vizuelni-refleksii-izlozhbata-na-plakati-od-laze-tripkov/

https://novamakedonija.com.mk/zivot/kultura/izlozhba-na-plakati-na-laze-tripkov-vo-veles/

https://smart.sdk.mk/vesti/vo-veles-otvorena-izlozhba-na-plakati-od-laze-tripkov/

https://umno.mk/tag/%D0%BB%D0%B0%D0%B7%D0%B5-%D1%82%D1%80%D0%B8%D0%BF%D0%BA%D0%BE%D0%B2/

https://republika.mk/vesti/kultura/izlozhbata-na-plakati-od-laze-tripkov-vizuelni-refleksii-vo-naroden-muzej-veles/

https://smart.sdk.mk/vesti/vo-veles-otvorena-izlozhba-na-plakati-od-laze-tripkov/

https://mia.mk/story/во-велес-отворена-изложбата-визуелни-рефлексии-на-лазе-трпков









**3. Во Ликовниот салон во Велес беше отворена на 07.11.2024.**

**Јубилејната изложба „70 години од смртта на Димитар Андонов Папрадишки“,**

Проектот беше прифатен од страна на Министерството за култура на Република С. Македонија како дел од Годишната програма за остварување на проекти од национален интерес во културата за 2024 година, на визуелните уметности, архитектурата дизајнот за 2024 година.

Проектот се реализира во соработка со Националната галерија на РС Македонија и поддршка од Општина Велес и Повардарската Епархија

Пригодни обраќања имаа директорот на ЛУ Народен музеј, Велес, м-р Ангел Коруновски и директорката на Националната галерија на Македонија г-ѓа Маја Неделковска Брзанова

Промотори на изложбата: Елица Николова, кустос советник во ЛУ Народен музеј Велес и Маја Чанкуловска Михајловска, виш кустос во Националната галерија на РС Македонија.

Настанот беше збогатен со изведби на детскиот хор од Велес, под водство на проф. Веселинка Маџарова и во клавирска придружба на професор Илија Настовски

На изложбата беа претставени 21 икона од цркви во велешко и 21 профано дел од Националната галерија на РС Македонија, како и едно дело, портрет, сопственост на семејството Хаџи Николови од Скопје.

Димитар Андонов Папрадишки потекнувал од семејство кое под принуда на Арнаутите се иселило од родното малореканско село Тресонче, кое со генерации наназад го практикувало не само зографскиот занает туку биле и градители, каменоресци и резбари и се населило во мијачкото село Папрадиште во непосредна близина на градот Велес, каде е роден Димитар во 1859 година. Во своето родно место, а потоа и во Велес, тој се стекнал со образование и успешно завршил „четврто класно училиште“.

Немајќи можност да продолжи со своето школување во Велес тој на многу рана возраст, му се приклучува на татко му Андон Китанов кој бил надарен градител, копаничар и иконописец, кај кого ги стекнал првите уметнички искуства. На само 20 години, веќе бил самостоен во својата зографска работа.

Иконописното и профано сликарство се значаен сегмент од творештвото на Папрадишки, тој е еден од последните зографи и првиот македонски профан сликар кој кон крајот на 19 век го направи историскиот пресврт во македонското сликарство, поврзувајќи ги последните нишки од религиозното сликарство со првите обиди на профано сликарство.

Тој бил зограф и сликар кој го користел платното и маслените бои за да ги забележи за вечноста портретните ликови на неговите современици, како и на неговите најблиски користејќи ја и фотографијата како работна подлошка. Тој е преставник на реализмот, на кого секако влијание имало неговото школување во Русија, како и литографии и репродукции од западноевропско потекло. Папрадишки во областа на црковното и профаното сликарство остварил богат фонд трајни остварувања ширум Македонија и пошироко, во Србија и Бугарија.

Плодниот иконописен ангажман на Андонов еволуира во повеќе фази од неговиот долг творечки пат: Црковното сликарство, со кое природно започнала неговата уметничка кариера, на кое му останал верен речиси до крајот на својот творечки пат, го отргнува од стегите на доцновизантиската уметност и му дава свој личен печат. Најбројни дела, икони од Првата фаза се во велешко во црквите во селата (Теово, Богомила, Бусилци, Раковец, Ново Село итн.). На изложбата беа поставени икони од црквите од с. Лисиче, с. Голозинци, и од црквата во с. Еловец - Велес (1918/20 ) кои се од третата фаза на твотештво на Папрадишки, од каде од каде беа и делата на изложбата.

Димитар Андонов Папрадишки, во својот долг и плоден творечки живот (Умира во Скопје 1954год. на 95 годишна возраст, оставаќи во своето ателје неколку незавршени дела со профана и религиозна содржина) насликал повеќе од 1200 икони за околу 100-тина цркви во Македонија и Србија, со што се смета за еден од најпродуктивните наши зографи. Воедно, неговиот ангажман и во профаното сликарство го издига на пидесталот како последен македонски зограф и прв современ сликар во македонската уметност.

Изложбата предизвика голем интерес кај велешката публика и медиумите, а имаше и голема посетеност од училиштата.

https://mia.mk/en/story/%D0%BD%D0%B0%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%B0-%D0%B2%D0%BE-%D0%B

https://www.youtube.com/watch?v=CyxFaq1EHhw

https://duma.mk/kultura/vo-likoven-salon-veles-otvorena-jubilejna-izlozhba-so-dela-na-dimitar-andonov-papradishki-foto-i-video/










  

Теренски фотографии

**Во текот на 2024 година се организираа и други изложби во соработка со сродни институции и поединци.**

4. **На 14.02.2024 година, промоцијата на публикацијата "СИНЕРГИЈА ВО ВРЕМЕТО" на визуелниот и мултимедијален уметник, м-р Страхил Петровски.**

Промотори: - Златко Теодосиевски, историчар на уметноста

- проф. Лазе Трипков, визуелен уметник
- м-р Дарко Николовски, историчар на уметноста
- Музичка изведба м-р Илија Настовски

Публикацијата е поддржана од Министерството за култура и Музеј Велес.

Страхил го проектира видеото – реално и метафорички – врз симболиката на монументалното архитектонско-сликарско-скулпторско дело на Суботин, Денковиќ и Мазев, премостуваки (или спојувајќи?!) времиња, настани, значења

„Читањето“ на ова негово патување низ времето е/треба да биде лично. Хероите и уметниците тоа го заслужуваат. Секој ќе си побара, и ќе најде, своја „приказна“ во ангажманот на Страхил да му вдахне (нова?) душа на ремек делото на тројцата автори на Спомен-костурницата.

 

5. **22.02.2023, Ретроспективната изложба на Ангел Димовски - Чауш под наслов „50 години творештво“**

Изложбата е поддржана од Министерството за култура.

Публиката можеше да погледне 20 негови дела - скулптури изработени во бронза и алуминиуми, како и творби слики - објекти, каде скулптурата и сликарството се испреплетуваат.

Оваа изложба на почетокот на февруари 2024 г. беше отворена во Националната галерија, објект Чифте амам во Скопје. Во Ликовниот салон во Велес поради помалиот простор е претставен само дел од неа.

Во творештвото на Чауш доминантно е вајарството од кое во Ликовниот салон се поместени 20 скулптури изработени во бронза и алуминиум, од кои, како што рече, до некаде можеме да добиеме увид во големината на неговиот вајарски талент, иако тој твори скулптури и во други различни материјали, дрво, мермер и нивно комбинирање.









**6. 16.03.2024, Изложба на постери од австриска амбасада. Народниот музеј од Велес, во соработка со Австриската амбасада ја реализираа изложбата со наслов „Калиопа Австрија и Северна Македонија“, Жените во општеството, културата и науките.**

Оваа изложба ги истражува животните приказни на аристократи, уметници, салонски жени, научници, активисти за женски права, политичари, актерки, музичари, лекари и

сценски режисери во хронолошка форма. За првпат во овој контекст ќе бидат претставени четири македонски уметнички. Така нацртаниот лак се протега од почетокот на 19 век до денес. Заедничка тема евидентна насекаде е борбата на жените за еманципација, со сите нејзини последователни триумфи и неуспеси.





7. **15-25.03. 2024 Изложбата Укијо-е (浮世絵).** Во соработка со Музеум линк и Јапонската амбасада се реализиранше - изложбата на јапонски графики од јапонски мајстори на дрворезот од 17 век правецот UKIYOE - УКИЈОЕ или ЛЕБДЕЧКИ СВЕТ, во буквален превод е слика на плутачкиот свет) спаѓа во вид на јапонски дрворез и слика на која се насликани глумци од кабуки театарот,





 

8. **28.03 2024 Изложба „Храбриот нов свет“ на Јордан Ѓорчев, кој е дипломиран правник е и книжевник, карикатурист.**

Промотор Промотор на изложбата поетот Христо Петрески. За делата на Ѓорчев говореше и професорот по есетика Кирил Трајчев.

На изложбата беа претставени 30 дела акрил на платно, создадени минатата година. творештвото на Ѓорчев, спаѓа во апстрактен експресионизам, актуелен после Втората светска војна, посебно во САД. Овој правец и денес е актуелен и најмногу популарен.

Ѓорчев е пред се писател, потоа карикатурист, па сликар. Овие 30 апстракции се убав пример за асоцијативно сликарство. Во овие ликовни дела има многу поезија, многу лирика, изразит колирит, кој е израз на чисти и јарки бои. Ова се дела кои се создаваат импусливно во еден миг, па и самиот автор е изненаден од тоа што го создал. За овие слики не станува збор за претходни концепти, за претходни скици, туку за желба, копнеж, мечта.

 

9. **12.04.2024, видео проекции на Давор Тоциновски, кој се претстави со три дела изработени во медиумот видео Видео Арт перформанс Промотор: Елица Николова**

Давор Тоциновски дипломирал на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје во 2001 и се стекнал со звањето дипломиран ликовен педагог со сликарство во класата на професор Рубенс Корубин.

Беа преикажани четири видео проекции.

Првиот Видео арт перформанс на Давор Тоциновски е заснован на перформанс медиумот кој се изведувал на локацијата Ораов дол, кој и самиот е видео документиран.

Документираниот перформанс инициран од темата „Митот за Сизиф“, вклучува уметничко дејство мотивирано и така што авторот изведува идентични движења кои би биле поврзани со Сизиф, бидејќи тркала импровизиран камен, кој секој пат кога го носи

на врвот на ридот, така, ова дејство кое се состои од тркалање на каменот до врвот и неговото паѓање во основата се повторува неколку пати, а самото множење се применува за да се долови идентичното дејство опишано во студијата на Сизиф. Егзистенцијализмот е централна мисла во уметничкото дејствување преку прикажување на главните димензии на апсурдноста и парадоксот на постоењето.




**10. 14.06.2024, Изложба на кинеска калиграфија на Ѓоре Ѓелев од Велес, ученик на Институтот „Конфуциј“ во Скопје**

Изложбата ја отвори кинескиот амбасадор во Скопје, Цанг Ѕуо, а ја организираа ЛУ Народен музеј и Клубот на писатели „Коста Солев Рацин“.
Кинескиот амбасадор Цанг Ѕуо во своето обраќање истакна дека калиографијата не е само уметност туку е важен дел од традицијата и културата.

Беа претставени 30 дела во кинеска калиграфија пишувани во различни стилови и пренесени мудрости од Конфуциј и од кинеската античка поезија.










**11. 27.11.2024 во Ликовен салон Велес беше реализирана Самостојната изложба на Александра Гиноска, ликовен уметник од Прилеп „Интервалите во мене“**

Промотор на изложбата професор и писател, Нада Алексовска
Изложбата е поддржана од Министерството за култура како самостоен проект
Изложбата беше составена од 14 дела акрил на платно во поголеми и помали формати кои што авторката иако е дипломец на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на отсекот вајарство – конзервација и реставрација, создала ликовно творештво и тоа во 2024 година. Изложбата на „Интервалите во мене“, Александра Богоеска Гиноска, првпат ја презентира на јавноста во Ликовен салон Велес иако таа е од Прилеп. Оваа изложба говори за борбата на внатрешните прекршувања до крајот на целта.
Авторката досега учествувала на бројни групни и самостојни изложби, сликарски и вајарски во земјава и странство. Делата на авторката се спознавањето на себе си и на емотивниот развој на човекот, правилното користење на ресурсите и развивањето за подобар и поугоден живот.






# ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕТНОЛОГИЈА

Во 2024 година етнолошкото одделение е во мирување поради фактот дека за 2024 година од страна на Министерството за финансии не беа одобрени вработувања во институцијата.

Во текот на 2024 година одделението не конкурираше со проект во Министество за култура поради немање на стручното лице во гореспоменатото одделение.

Во објектите на Музејот како составен дел од нашата работа е и водење на посетители од различни возрасти од земјата и странство кои ги запознаваме со етнолошкото минато на нашиот град преку посета на одделението. Во текот на оваа година посетеноста беше на стандарно ниво поради веќе познатата состојба во одделението.

Соработката со медиумите е континуирана како со медиумските куќи од нашиот град и пошироко. Преку медиумите вршиме презентација на нашите објекти со што ја запознаваме пошироката јавност со музејската дејност и историјата на нашиот град.

ЛОКАЛНА УСТАНОВА
НАРОДЕН МУЗЕЈ
Бр. 02-47/4
18.02 2025 год
ВЕЛЕС

Локална Установа Народен музеј Велес
ул. 8-ми Септември бр. 22 Велес; тел.-факс: ++389 43 231434; e-mail: muzejveles@yahoo.com

Локална установа
Народен Музеј
Велес

Управниот одбор при Локалната установа Народен музеј Велес, согласно чл. 30 точка 3 и точка 6 од Статутот на Локалната установа Народен музеј Велес (бр. 01-307/3 од 30.12.2014) на седницата одржана на ден 18.02.2025 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Годишниот наративен извештај за работата на Локалната установа Народен музеј Велес за 2024 година со дел. бр. 01-15/1 од 28.01.2025**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Годишниот наративен извештај за работата на Локалната установа Народен музеј Велес за 2024 година со дел. бр. 01-15/1 од 28.01.2025 година.

Член 2

Годишниот наративен извештај за работата на Локалната установа Народен музеј Велес за 2024 година со дел. бр. 01-15/1 од 28.01.2025 година заедно со оваа Одлука да се достави до Советот на Општина Велес.

Член 3

Оваа Одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Управен одбор
д-р Анита Василкова Мидоска

ЛОКАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС